РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02-10. 2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6496 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот ***музички стимулации и ритмички вежби*** за I одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ**

# МУЗИЧКИ СТИМУЛАЦИИ И РИТМИЧКИ ВЕЖБИ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## I ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, мај 2008

# 1. ВОВЕД

Музиката е континуирана потреба и исклучително важен дел на човековата култура и живот. Таа треба да има значајно место во воспитанието и образованието на учениците со оштетен слух. Целта на наставата по **музички стимулации и ритмички вежби** е ученикот/ученичката да ги развие аудитивните способности што ја условуваат појавата на говорот, сознанието и апстрактното мислење. Содржините по предметот **музички стимулации и ритмички вежби**, преку аудитивниот тренинг, треба да го оспособат ученикот за јазичка компетенција и продукција, на тој начин што ќе се подобри аудитивната меморија што е условена од соодветнта детекција, дискриминација, идентификација и разбирање на аудитивниот сигнал - говорот. Заедно со ликовното образование и со другите форми на естетско воспитание присутни во одредени предмети, основните елементи на музичкото образование треба да му овозможат на ученикот/ученичката со оштетен слух развој на естетските чувства, способноста за разбирање на најзначајните карактеристики на музичката уметност, за да му се овозможи подоцна да се снаоѓа во музичкиот живот во својата околина. Музиката, во најраните години во развојот на детето, е идеално подрачје за комплексното делување врз детската личност, силно поттикнување на позитивни емоции, самостојност, колективност и одговорност.

- Фонд на часови:
  **неделен фон - 2 часа;**
  **годишен фонд - 72 часа**

- Статус на предметот: **задолжителен.**

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката**

- да ги познава термините кои се користат во наставните содржини;
- да ги знае основните принципи на музичко - изведувачките активности (пеење, свирење на ДМИ, музичко- ритмички активности);
- да го разбира значењето на поимите и правилата кои се користат во музичките активности;
- да ја разбира поврзаноста на музичките карактеристики и едноставните визуелни симболи;
- да почнува да покажува самостојност во наставната работа;
- да покажува смисла и желба за работа во група;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во колективните музички активности;
- да комуницира и да соработува со врсниците и другите;
- да го развива чувството на одговорност во тимското работење;
- да стекне самодоверба во извршувањето на музичките активности (ориентација во просторот, координација на движењата, запазување и менување на редоследот на движењата, извршување на целовита психомоторичка активност).

## 3. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да ги развива вибрационо-тактилните перцепции;
- да се оспособи за перцепција на структурните сегменти на говорот;
- да се оспособи за репродукција на структурните сегменти на говорот;
- да го развие чувството за ритам, интонација и пауза;
- да го развие чувството за ритам (говор и движење на телото) според музички ритам;
- да се оспособи да продуцира разбирлив говор;
- да се стимулира оралната комуникација;
- да се запознае со детските музички инструменти со помош на тактилно - вибрациони вежби;
- да ја развива аудитивната и тактилната перцепција;
- да ги памети, да ги повторува и да ги користи движењата во музичко - ритмичките активности;
- да развива интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви
- да се оспособи да локализира извори на звуци;
- да развива интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
- да развива осет за основните видови темпа (бавно-брзо);
- да развива осет за основните видови на динамика (силно-тивко);
- да се оспособува спонтано да се вклучува во различни музички активности;
- да се оспособи за препознавање на долги и кратки траења.

-

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ОСНОВИ НА МУЗИЧКИТЕ СТИМУЛАЦИИ (ориентационо 25 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br>- да се стимулира да ги опишува вибрациите;<br>- да се оспособува да ги разликува вибрациите согласно изворот на звукот;<br>- да ги применува стекнатите знаења за вибрациите како основа за контакт со звукот;<br>- да ги препознава звуците од природата и околината;<br>- да ги препознава ономатопејските звуци;<br>- да се оспособи да чувствува вибрација;<br>- да разликува должина на траење на звукот;<br>- да се оспособува за воочување на пауза и нејзиното траење;<br>- да разликува интензитет;<br>- ритмички да повторува одредени вибрации;<br>- да ја развива способноста за дискриминација на ритмот;<br>- да ја развива способноста за дискриминација на атемпото;<br>- да се оспособи за перцепција на тактот. | Тактилна перцепција на звукот<br><br>Звуците од природата и околината<br><br>Развивање на чувството за вибрација<br><br>Разликување на должината на траењето на звукот и на интензитетот<br><br>Разликување на ритмот и темпото | Вибрација<br><br>Звук<br><br>Долго траење<br><br>Кратко траење | - Вежби за тактилни вибрации со играчки што произведуваат звук;<br>- продуцира вибрации на различнии нструменти;<br>- демонстрира извори на вибрации;<br>- препознавање и воочување на звуци од природата и околината преку слушање;<br>- да ги препознава ономатопејските звуци;<br>- вежби со поставување на раката на музички инструменти кои произведуваат звуци;<br>- вежби за перципирање звуци со различна должина;<br>- вежби со различно траење на паузата меѓу звучните стимулации;<br>- вежби за разликување на ритмите и темпата;<br>- вежби за перципирање на тактот. |

| ТЕМА: РИТАМ И ДВИЖЕЊЕ (ориентационо 15 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да го развива чувството за ритам;<br>- да ја развива способноста за дискриминација на ритмот;<br>- да го користи ритмот при правилното движење<br>- да се запознае со долги и кратки траења;<br>- да разликува долги и кратки траења на ритми;<br>- да стекне навики за правилна перцепција на музичкиот ритам;<br>- да се развие тактилно-вибрациско чувство за музичкиот ритам;<br>- да стекне навики за правилно користење на остатоците на слухот;<br>- да ги памети музичко- ритмичките чекорења;<br>- да ги повторува правилно музичко - ритмичките чекорења;<br>- да ги препознава основните видови на темпо (бавно - брзо);<br>- да ги препознава основните видови на динамика (силно – тивко). | Чувство за ритам<br>Слушање на музики ритми<br>Дискриминациај на ритми<br>Ритмот и движењето<br>Ритмот и говорната ритмика<br>Музичко - ритмички чекорења (чекорење, марширање, потскокнување)<br>Основни видови на темпо (бавно - брзо) | Ритам<br>Движење<br>Чекорење<br>Марширање<br>Бројалки | Вежби за воочување на долги и кратки траења на ритмички мотиви;<br>- вежби за чувство на вибрациите на музичките инструменти;<br>- вежби за забележување на бројот на перципирани вибрации;<br>- изведба на музичко ритмичките чекорења (чекорење, марширање, потскокнување) во постојано темпо и со промена на темпото и со промена на правецот на движење;<br>- потскокнувања со музичката придружба;<br>- комбинирање на чекорења и потскокнувања;<br>- слуша музички примери и преку движење на телото ги изразува видовите темпа (бавно - брзо), на пр., чукање на часовникот или движење на полжавот (бавно движење) и зајакот (брзо движење). |

| **ТЕМА: СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (ориентационо 16 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги запознае детските ритмички инструменти;<br><br>- да ги помни имињата на детските ритмички инструменти;<br><br>- да прави (изработува) детски ритмички инструменти од природни материјали;<br><br>- да повторува кратки ритмички мотиви. | Запознавање со детските ритмички инструменти<br><br>Свирење на детски ритмички инструменти | | - Изведува ритмички мотиви со плескање со рацете, тропање со нозете, чукање со две моливчиња и др.;<br>- ги испитува и открива звучните својства на инструментите направени од природни материјали (пр., едни празни пластични чаши наполнети со ориз, други со гравче и трети со каменчиња);<br><br>- ги испитува и открива звучните својства на детските ритмички инструменти (пр., чука на стапчиња, тропалки и др.);<br>- изведба со детски ритмички инструменти (пр. повторува кратки ритмички мотиви). |

| **ТЕМА: СЛУШАЊЕ (ориенравионо 16 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да го дискриминира бројот на звучните дразби;<br>- да дискриминира два степена на интензитет (слаб – јак);<br>- да ги дискриминира тонските односи (висок – низок);<br>- да го дискриминира траењето на звукот;<br>- да ги дискриминира звучните сигнали на различни инструменти;<br>- да се развие основниот ларингеален глас;<br>- да ги препознава гласовите;<br>- да ги изговара гласовите правилно.<br>- да ги препознава детските музички игри. | Дискриминација на акустичкиот сигнал<br><br>Основен лариенгеален глас<br><br>Аудитивна перцепција на гласовите<br><br>Артикулација на гласовите<br><br>Детски музички игри | | - Вежби за дискриминација на бројот на сигналите;<br>- вежби за дискриминација на два степени на интензитет (слаб-јак);<br>-вежби за дискриминација на два тонски односи (висок-низок);<br>- вежби за дискриминациј на трењето на звукот;<br>-продуцирање на звуци од различни звучни извори (инструменти);<br>- вежби за поставување на основниот ларингеален глас;<br>- вежби за корекција на артикулацијата;<br>- вежби за аудитивна перцепција на гласовите во сите положби;<br>- демонстрира правилна артикулација;<br>- препознавање на детските музички игри. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Наставните содржини од предметот **музички стимулации и ритмички вежби** даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, комуникација, математика, ликовно образованиетт и физичко и здравствено образование.

*Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

- **Наставни средства:**
  - аудио - визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - детски музички инструменти;
  - дидактички средства и материјали;
  - разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл.

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Начини на проверување и оценување:

- **описно оценување**:
  - опсервација на детето-ученик;
  - разговор (тотална метода на комуникација) како начин на изразување;
  - изведба на бројалки;
  - изведба на музичко-ритмичките чекорења и учество во игрите;
  - свирење на ДМИ;
  - активно учество во тимската работа и др.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Просторните услови за реализирање на наставната програма се во согласност со Нормативот за материјална и просторна опременост донесен од министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет-Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗРАБОТИ СТРУЧНИОТ ТИМ:

1. Марија Симонова, советник за посебно образование, БРО - Скопје
2. Живка Јордановска, директор на Институтот за слух, говор и глас - Скопје

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по ***музички стимулации и ритмички вежби*** за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1958/4
02. 10 2008 год.
СКОПЈЕ

-------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука

Скопје-----------------------------------